Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 03.10.2022

На 02.10.2022 во 22.55 часот пред угостителски објект на улица „Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот тетовец С.С., кој пред тоа извршил кражба во тобако на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.10.2022 во 22.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Д.Г.(23) од Скопје затоа тоа кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.10.2022 во 16.30 часот на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.В.(23) од Скопје затоа тоа кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.10.2022 кај новата автобуска станица во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Б.М.(26) и Ј.Ш.(22), двајцата од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие белиле приведени во Полициска станица Прилеп, а по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.И.(37) од Велес, за сторено кривично дело „измама" од чл.247 ст.1 и кривично дело „фалсификување пари" од чл.268 ст.1 од КЗ. Приложениот во текот на месец март 2021 година, откако прибавил 12 фалсификувани банкноти во апоени од по 100 евра, ги употребил во два наврати, пуштајќи ги во промет при купување на мобилни телефони, со што измамил двајца сопственици на мобилни телефони, кои што ги огласиле за продажба своите телефони, а на кои М.И. им платил со фалсификуваните банкноти.

Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 287 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 193 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 94 надвор од населено место.
Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (02.10.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 99 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 20 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 28 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за нерегистрирани возила, четири мерки за возач почетник...

Во текот на вчерашниот ден (02.10.2022) во периодот од 14.00 до 19.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возила кои непропишно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 161 возач. Од нив, 71 на територијата на СВР Тетово, 23 на територија на СВР Битола...

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (3 октомври) од 14 до 19 часот спроведоа акциска контрола за престигнување во која вкупно беше санкционирани 71 возило, односно возач (ТЕ-29 и ГВ-42). Најголемиот број од констатирани прекршоци 60 (ТЕ-28 и ГВ-32) се однесуваа на престигнување на недозволени места, 8 (ТЕ-1 и ГВ-7) на престигнување во колона и така натаму. На сите прекршители изречени им се поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични гломи кои за овој вид сообраќаен прекршок се движат од 45 до 250 евра во денарска противвредност, со напомена дека за некои од прекршоците предвидена е и заштитна мерка-времено одземање на возачката дозвола од три месеци до една година. Вчера, исто така, на поширокото полошко подрачје продолжија и редовните контролни активности, во чие средиште биле лицата кои ги управуваат нивните возила без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа. Во оваа активности откриени и адекватно санкционирани биле вкупно 8 возачи (ТЕ-7 и ГВ-1) кои не поседувале возачки дозволи, на кои им се изготовени поднесоци и кои ведраш се исклучени од сообраќај.

На 02.10.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата белие констатирани 28 прекршоци, од кои 18 во населено место и 10 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден во времето од 14.00 до 19.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци за непропишно престигнување. Од извршената контрола белие констатирани 9 прекршоци и на сите прекршители им белие изготовени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 21 другви видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за управување под дејство на алкохол, 1 за недавање пребиство на минување на пешаци, 4 за некорисетење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 1 за некорисетење заштитна кацига.

На 02.10.2022 во 15.15 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода Ј.М.(45) од Република Турција, При контрола било констатирано дека полицата за осигурување што ја доставил на увид за товарното возило „ман" со турски национални ознаки, кое го управувал, била фалсифицирана. Тој бил пребаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2022 околу 11.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Македонски Брод, кај с.Ропотово, патничко моторно возило „фиат" со прилепски регистарски ознаки, управувано од А.И.(38) од с.Дебреште, излетало надвор од патот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобили возачот констатирани во Општата болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 02.10.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, С.И.(73) од Скопје пријавил дека на бул.„8-ми Септември" бил каснат од куче скитник.

На 03.10.2022 околу 00.20 часот во СВР Тетово, педесет и шестгодишната тетовка Х.М. пријавила дека во Блок 70 во Тетово била касната од куче скитник.

На 02.10.2022 во 13.20 часот во Виница, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода З.Г.(28) од Виница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, белие пронајдени и одземени марихуана, дробилка, дигитална вага и други предмети кои потекнуваат од кривично дело. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (03.10.2022), по пресеменки мерки и активности, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Св. Наум го приведе А.П. (53) од Република Албанија. При контрола во патничко возило „долксваген туран", со албански национални ознаки, кое го управувал, белие пронајдени 177 парчиња охридска белвица, кои белие предмет на недозволена трговија од Република Северна Македонија кон Република Албанија. А.П. е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2022 околу 20.10 часот на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 19-годишниот гостиварец А.М.. Тој се сомнева дека на 24.09.2022 со употреба на сила се обидел да одземе паричник од 45-годишна гостиварка. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, белие пронајдени и одземени предмети поврзани со кривичното дело. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2022 околу 00.15 часот во близина на наплатна станица Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 35-годишниот Р.Ќ. од тетовско Орашје, поради сомнение дека поседува фалсификувана возачка дозвола, која му била одземена. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до ОЈО за ГОКК поднесе кривична пријава против полициските службеник Х.Г. од ПС за ОН Струмица, поради постоење основи на сомнение дека е сторителот на кривично дело „малтретирање во вршење на службата" по чл.143 од Кривичниот законик. Имено, Х.Г. врз Н.Б., кој во моментот бил лишен од слобода и задржан во ПС за ОН Струмица, неосновано употребил физичка сила. Против полициското службеник е покренута и постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и суспензија од работното место.

Денеска (03.10.2022) во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата белие констатирани 54 прекршоци, од кои 38 во населено место и 16 надвор од населено место. Од нив 11 на подрачјето на Штип, 10 Пробиштип, по 8 Кочани, Берово и Свети Николе, 6 Виница и 3 Делчево. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 167 возачи, од кои 108 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 21 санкција за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 15 за управување возило без возачка дозвола и 23 останати видови прекршоци.

На 02.10.2022 во периодот од 14.00 до 19.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници санкционираа 18 возачи на моторни возила кои извршиле престигнување на места каде со сообраќаен знак тоа е забрането (Охрид-11, Струга-04, Кичево-02, Дебар-01). За сите сторени прекршоци белие изречени соодветни санкции.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.И.(47) од охридското село Волино, поштина Дебарца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес, извршен по судска наредба во неговиот дом, полициските службеници пронајдоа и одземаа една автоматска пушка „Шпагин" калибар 7,62 милиметри што нелегално ја поседував.

На 02.10.2022 во 23.00 часот пред казино на Железничката станица во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Ш.К.(27) од Република Турција, затоа што околу 22.40 часот во казиното физички го нападнал Е.З.(50) од Битола, со живеалиште во Скопје. Тој бил задржан во Полициската станица Аеродром и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Р.Ц.(57) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно граѓење". Тој, во текот на 2022 година, на катастарска парцела во селото Елеви, во државна сопственост, со површина од 195,6 метри квадратни, без соодветна документација за градба издадена од надлежен државен орган изградил станбен објект со што се стекнал со противправна имотна корист.

На 02.10.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Б.(46) од Скопје пријавил дека околу 16.15 на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.М.(28) од Прилеп и А.Љ.(24) од Ново Село, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци" и „фалсификување или уништување деловни книги". Приоприврѣениот, вработен во финансиско друштво за брзи кредити, заедно со второприврѣениот, кој претходно набавил фотографија од лична карта на оштетеното лице, ги злоупотребиле личните податоци на оштетеното и на негово име и негова сметка во четири наврати подигнале кредит од правното лице износ од 53.000 денари со затезна камата од 32.870 денари.

На 02.10.2022 околу 09.50 часот во Полициското одделение Петровец, Д.Р.(36) од Прилеп пријавил дека околу 09.30 часот во с.Марино, општина Илинден, поради нарушени односи бил физички нападнат од Ј.Н. од с.Марино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Е.А.(38) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.02.2022 на регионален пат Струга-Охрид, на влез за населба „Езерски пејзаж", при извршен претрес на паркирано патничко возило, во кое бил приврѣениот, бил пронајден и одземен кокаин.

На 02.10.2022 околу 09.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека на плац во населба Хром, Скопје, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.М.(55) и М.Д.(58), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Кочани поднесе кривична пријава против В.Е. (48) од Република Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 30.09.2022 на граничен премин „Деве Баир", приврѣениот дал на увид турски документи, и тоа возачка дозвола и два зелени картони, за кои било констатирано дека се фалсификувани.

На 02.10.2022 во 09.52 часот во СВР Скопје било пријавено во Градски парк во Скопје биле оштетени спомениците на Коле Неделковски и Никола Вапцаров, а биле одземени и бистите од спомениците. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против В.Н. (25) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 28.09.2022 на граничен премин „Табановце", при извршена контрола на патничко возило, констатирано е дека приврѣениот врши превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет